HALKBANK

Халкбанк АД Скопје е еден од најсилните брендови на македонскиот финансиски пазар. Преку ефикасно нудење на сите банкарски услуги, создава вредност за своите клиенти, акционери и вработени. Водени од нашата визија за водечка банка во регионот, својот широк асортиман на производи го нудиме насекаде во земјата преку широката мрежа на филијали.

Согласно тековните потреби од нововработени лица во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за следната работна позиција:

**Дизајнер за внатрешно уредување**
**во Дирекција за административни работи**
**Референца Бр. 002/2025**

**Главни работни задачи и одговорности:**

- Обликување и оптимизирање на внатрешните простори за создавање на функционален, естетски и комфорен амбиент;
- Планирање на просторот согласно Brand Book и стандардите на Банката;
- Избор на материјали и бои за завршна обработка на просторите;
- Координација со изведувачи и надзори за усогласување на завршната обработка на ентериерот со сите фази во изведбата;
- Создавање концепт, проектирање, 3D моделирање и рендер;
- Проценка на инвестиција, одредување на буџет и надзор при реализација на изведбата.

**Основните квалификации, познавања и вештини кои кандидатот треба да ги исполнува за оваа позиција се:**

- Високо образование - диплома од дизајн за внатрешно уредување, архитектура или сродна област;
- Возачка дозвола Б категорија;
- Работно искуство минимум 5 год.
- Познавање на софтвери како AutoCAD, SketchUp, Revit или Photoshop;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Креативен пристап кон работните задачи;
- Развивање иновативни решенија и уникатни дизајни;
- Одговорно извршување на работните обврски во зададени рокови;
- Способност за самостојна и тимска работа;
- Способност за работа под притисок;
- Следење на актуелните трендови во внатрешното уредување.

**Бенефиции:**

- Конкурентна плата;
- Приватно здравствено осигурување;
- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Можности за кариерен и професионален развој;
- Динамична работна средина;

Доколку сте заинтересирани за позицијата, ве охрабруваме да аплицирате најдоцна до **26.01.2025** година на следниов е-маил: career@halkbank.mk со назнака: **Референца Бр. 002/2025 – Дизајнер за внатрешно уредување во Дирекција за Административни работи.**

За да аплицирате, потребно е да ни го доставите вашето резиме (CV) на англиски јазик со фотографија, мотивациско писмо и препораки. Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година.

Во процесот на селекција, само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг ќе бидат контактирани и повикани на тестирање и/или интервју.